# Постојана мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел

Архивски бр. Д08-12344/25-1
Датум: 25.04.2025.
Вк. страници: 3

**До**
Министерство за внатрешни работи
Министерство за внатрешни работи – Сектор за ЕУ и меѓународна соработка
Министерство за европски прашања
Кабинет на министерот за транспорт и врски
Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
ДИРЕКТОРАТ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА
ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА РСМ ПРИ ЕУ ВО БРИСЕЛ

**Предмет:** Состанок за правилата за Шенген зоната за професионалните возачи, во контекст на идниот Систем за влез/излез на ЕУ

**Главни акценти:**
- Дополнителни информации во врска со Барањето за изземање на одредени категории превозници од обврските на системот за влез/излез на ЕУ (ЕЕС) (врска телеграма 34/1-4923/25-1 од 18.02.2025 г. и телеграма Д08-7984/25-1 од 19.03.2025 г.) - Секретаријатот на Транспортната заедница организираше информативен состанок со DG HOME за правилата од Шенген за професионалните возачи, во контекст на идниот Систем за влез/излез на ЕУ

На 24 април 2025 г. во Брисел беше организиран настан од страна на Секретаријатот на Транспортната заедница, во рамки на кој беше организирана информативна сесија на која претставници на DG HOME презентираа и одговараа на прашања во однос на правилата од Шенген за професионалните возачи, конкретно во контекст на идниот Систем за влез/излез на ЕУ (ЕЕС) што ќе се стави во функција во октомври 2025 година.

ЕЕС е дигитален систем за гранично управување, дизајниран за регистрирање на државјаните на земји кои не се членки на ЕУ и кои влегуваат во Шенген зоната со цел краток престој во истата. Системот ќе ги евидентира податоците за влез и излез секој пат кога патниците ќе ги преминат надворешните граници на ЕУ. Целта е да се поедностават граничните контроли и да се подобри безбедноста. Една година по ЕЕС, во последниот квартал на 2026 година се планира и ставањето во функција на ЕТИАС, кој ќе служи како систем за претходно одобрение за патување за државјани на трети земји на кои не им е потребна виза за влез во ЕУ. ЕТИАС има за цел подобрена проверка на патниците пред нивното пристигнување во Шенген зоната.


Постојана мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел
Rue De La Loi, 38,1040 Brussels Белгија
++ 32 2 23 50 350
mission.eu@mfa.gov.mk
eu.missions.gov.mk

На состанокот во организација на Транспортната заедница беа поканети и присуствуваа претставници на министерствата за транспорт и здруженијата на превозници од земјите од Западен Балкан. Претставникот на Здружението на меѓународни превозници од Србија, А. Спасиќ во име на здруженијата на превозници од регионот зборуваше за предизвиците и пречките со кои се соочуваат превозниците и професионалните возачи во Шенген зоната како резултат на правилото од 90 дена во рамки на секои 180 дена. Како што беше претставено за време на состанокот од страна на претставниците на DG HOME, правилата за влез и престој во Шенген зоната остануваат исти. ЕЕС не ги менува правилата, туку единствено се менуваат начините на контрола. Поефикасните контроли и електронската евиденција на влез и излез, автоматски и веднаш ќе алармираат доколку некое лице го надминало дозволениот период на престој од 90 дена во рамки на 180 дена.

Беше напоменато дека ЕК и во 2015 г. направила напори за евентуално отстапување од правилата во однос на професионалните возачи, меѓутоа ЗЧ не покажале подготвеност за таквата иницијатива. ЗЧ и сега, пред воведувањето на ЕЕС, исто така не покажуваат интерес за какви било изземања на возачите од правилото за дозволен престој. Од DG HOME како можно решение го гледаат обезбедувањето на дозволи за престој за возачите од поблиски земји, со кои врз основа на билатерална комуникација би се обезбедила можност за аплицирање за долгорочна виза за престој кај нив, по што возачите ќе може да се движат низ Унијата без да бидат евидентирани во ЕЕС.

Од страна на учесниците на состанокот од ЗБ генерално беше побарано од ЕК прашањето за можни идни отстапувања да продолжи да се дискутира. Беше предложено да се земе предвид можноста за пресметување часови наместо денови во контекст на правилото за пресметување на 90 дена во рамки на 180 дена, што би можело да биде поизводливо со воведувањето на ЕЕС како електронски систем со прецизно евидентирање. Претставниците од земјите од ЗБ потенцираа уште еднаш дека, како и во ЕУ, така и во регионот, сè потешко е да се ангажираат возачи, бидејќи сè помал е бројот на искусни професионални возачи и воедно побараа од ЕК да покаже волја што поскоро за какви било поволни решенија за ограничувањето на движењето во Шенген зоната на професионалните возачи од земјите од ЗБ.

**Заклучни согледувања:**
Подготвиле - Ј.Стојановска /А.Вуковиќ

**Изработил:** Јулија Стојановска


Постојана мисија на Република
Северна Македонија при ЕУ во Брисел
Rue De La Loi, 38,1040 Brussels
Белгија
++ 32 2 23 50 350
mission.eu@mfa.gov.mk
eu.missions.gov.mk

Исмаили


Постојана мисија на Република
Северна Македонија при ЕУ во Брисел
Rue De La Loi, 38,1040 Brussels
Белгија
++ 32 2 23 50 350
mission.eu@mfa.gov.mk
eu.missions.gov.mk